Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018), Општина Јегуновце, на ден 26.03.2019 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Копанце, општина Јегуновце, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Јегуновце на следната веб адреса/и: www.opstinajegunovce.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Копанце, општина Јегуновце нема да има влијание врз животната средина, и тоа:

- Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо;
- Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух , влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи .

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Број 11-443/1
26.03.2019год.
Јегуновце

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Дарко Блажески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
JEGUNOVC